Со оваа Одлука Општина Битола обезбедува надзор за реализација на проектот СМАРТ-КУЛ-ТУР, во врска со санација на постоечки помошни простории и санитарни јазли во склоп на Археолошки локалитет Хераклеа Линкестис Битола. Реализацијата на проектот ќе биде со финансиска поддршка од посебна наменска сметка на проектот СМАРТ-КУЛ-ТУР, преку договор за реализација на градежни активности со фирмата МЗТ ИНЖЕНЕРИНГ Битола, а надзорот над активностите со финансиска поддршка од посебната наменска сметка на проектот СМАРТ-КУЛ-ТУР.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-153/80 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.09.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за примање на донација во вид на добра од Здружение за заштита на животни и животна средина „Бибевски Битола”

1. Се објавува Одлука за примање на донација во вид на добра од Здружение за заштита на животни и животна средина „Бибевски Битола”, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 16.09.2022 година.

Бр. 08-1026/79 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.09.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.09.2022 година донесе

## О Д Л У К А
## за примање на донација во вид на добра од Здружение за заштита на животни и животна средина „Бибевски Битола”

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на примател ја прима донацијата од Здружение за заштита на животни и животна средина „Бибевски Битола”, во вид на добра – ограда за прифатилиште за бездомни животни.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата и истата е дадена за цели од јавен интерес, согласно член 3 став 1 точка 4 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на истата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-153/81 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.09.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за реализација на времено решение до комплетна реализација на проектот за бездомни животни за поставување на боксови на надворешниот простор (плато) кој е предвиден со постоечка документација

1. Се објавува за реализација на времено решение до комплетна реализација на проектот за бездомни животни за поставување на боксови на надворешниот простор (плато) кој е предвиден со постоечка документација, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 16.09.2022 година.

Бр. 08-1026/80 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.09.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 16 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/2014, 149/2015 и 53/2016) и член 5 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012...31/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.09.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за реализација на времено решение до комплетна реализација на проектот за бездомни животни за поставување на боксови на надворешниот простор (плато) кој е предвиден со постоечка документација

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола реализира времено решение до комплетна реализација на проектот за бездомни животни за поставување на боксови на надворешниот простор (плато) кој е предвиден со постоечка документација – Основен проект за адаптација на В2-9 објект за ветеринарна заштита К.П. 541/2 К.О. Битола 5, со Тех.бр. 03/2022 Битола, Мај 2022 година, изработен од ЕКО-МАР Инжинеринг Дооел Битола.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-153/82 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.09.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со чл. 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ Бр. 32/20) и чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
за организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА на Предлог Урбанистички план за село Дихово - Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се организира Повторна Јавна презентација и Јавна анкета на Предлог на Урбанистички план за село Дихово - Општина Битола

Член 2

Соопштението за Јавната презентација и Јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат „Слободен Печат” и „Нова Македонија“

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **11.03.2022 г.** во **11.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 11.03.2022 година и ќе трае до 18.03.2022 година

Член 4

**Предлог на Урбанистичкиот план за село Дихово - Општина Битола** ќе биде изложен во информацискиот систем е-урбанизам, на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета и на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 11.03.2022 год., каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки и предлози по предлогот на планот секој работен ден во писмена форма на анкетен лист или преку информацискиот систем за е-урбанизам

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Битола

08-41/1 **ГРАДОНАЧАЛНИК**
02.03.2022 год. **на Општина Битола**
Б И Т О Л А **Тони Коњановски**

Врз основа на член 35 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.32/20) и чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
за организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА **за**
**Предлог ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се организира Повторна Јавна презентација и Јавна анкета за **Предлог ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола.**

Член 2

Соопштението за Јавната презентација и Јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат „Вечер" и „Нова Македонија"

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **19.04.2022 г.** во **11.00** часот во салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а Јавната анкета ќе започне од 19.04.2022 год. и ќе трае до 27.04.2022 година

Член 4

**Предлог ДУП за Четврт Исток 2 Блок И.02.05 - Општина Битола** ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за Јавна презентација и Јавна анкета и на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 19.04.2022 год., каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-347/1
13.04.2022 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Сл весник на РСМ" бр.32/20 ), и чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**ОДЛУКА**
за организирање на ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се организира Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола

Член 2

Соопштението за Јавната презентација и Јавната Анкета ќе биде објавено во дневен печат „Вечер" и „Нова Македонија"

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **09.05.2022г.** во **11.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 09.05.2022 год. и ќе трае до 16.09.2022 год.

Член 4

**Урбанистички План за село Нижеполе - Општина Битола** ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета и на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 09.05.2022год., каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден или преку информацискиот систем за е-урбанизам

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-467/1
29.04.2022 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за финасирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2022 година бр.09-156/25 од 27.12.2021 година, Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за Предлог УПВНМ за формирање на градежни парцели со намена Е1.13-фотоволтаични електрани на КП Бр. 318/1, КП Бр. 318/2, КП Бр.319, КП Бр. 326, КП Бр. 330, КП Бр. 331, КП Бр. 334/1, КП Бр. 334/2 и дел од КП Бр. 3591 м.в. Брзо кај Чешма КО Лисолај - Општина Битола

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета на Предлог УПВНМ за формирање на градежни парцели со намена Е1.13-фотоволтаични електрани на КП Бр. 318/1, КП Бр. 318/2, КП Бр.319, КП Бр. 326, КП Бр. 330, КП Бр. 331, КП Бр. 334/1, КП Бр. 334/2 и дел од КП Бр. 3591 м.в. Брзо кај Чешма КО Лисолај - Општина Битола.

Член 2

Соопштението за Јавната презентација и Јавната анкета ќе биде објавено на огласна табла во просториите на Општина Битола, на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета, информацискиот систем е-урбанизам, на официјалната страна на facebook на Општина Битола и на јавно место во село Лисолај.

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **15.08.2022 г.** во **09.00** часот во **Салата на трети кат во Општина Битола**, на Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 29.07.2022 година и ќе трае до 29.08.2022 година

Член 4

На Предлог Планот, почнувајќи од 29.07.2022 год., заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Битола

08-838/1
28.07.2022 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), и член 91, став 1 и 11, член 93 став 1 , алинеа 2 и 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020) Градоначалникот на Општина Битола , а по добиениот предлогот од Училишниот одбор од СОТУ ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола донесе*

# *РЕШЕНИЕ*

***за разрешување на Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов" Битола***

*1. **Владимир Роме** Директор на СОТУ ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола **се разрешува** од функцијата Директор заклучно со 12.07.2022 година.*

*2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Битола,,.*

***Образложение***

*Со Решение за именување на Директор на Средното општинско техничко училиште ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, бр.08- 1239/3-2019 од 27.01.2020 година, за Директор е избран Владимир Роме.*
*На ден 12.07.2022 година Училишниот одбор при СОТУ ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, а по оценувањето дека е неопходно достави до Градоначалникот на општината Предлог за разрешување на Директор на СОТУ ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола бр. 02-291/3 од 12.07.2022.*

*Училишниот одбор поради постоење на одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од членот 93 на овој закон, на седница донесе заклучок во писмена форма бр.02-254/5 од 24.06.2022.*
*Заклучокот е поткрепен во прилог со Записник од извршен инспекциски надзор бр. ИП1 09-155 од 12.05.2022 година, како и Конечен ревизорски извештај бр. 60-07/12 од 21.06.2022 година, за извршената ревизија на усогласеност на процесот на јавни набавки и следењето на реализцијата на доделените договори кај СОТУ ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола.*
*Државниот просветен инспектор по седница на Училишниот одбор одржана на ден 08.07.2022 година и презентираната на увид документација, а согласно член 93-б став 3 даде Мислење за постоење на оправданост за разрешување на директорот на СОТУ ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола УП бр. 09-2/2 од 11.07.2022 година.*
Согласно член 91 став 1 и 11 од Законот за средното образование
,,Член 91
(1) Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и одговорен за законитост во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.
(11) Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.,,
Согласно член 93 став 1 алинеа 2 и 4
,,Член 93
Директорот на јавното училиште може да биде разрешен особено:
- во случај на направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти утврдена од страна на Државниот просветен инспекторат
- ако по негова вина е нанесена штета на учениците, односно на нивните родители или старатели и на општествената заедница,,

*Градоначалникот на општината го имаше во предвид мислењето добиено од државниот просветен инспектор, за оправданоста за разрешување на директорот, како и оценувањето на Училишниот одбор од неопходноста да достави предлог за разрешување на директорот.*

*Врз основа на погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на решението.*

*Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов,, Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на разрешениот Директор .*

***Правна поука:** Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот има право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за разрешување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

*Бр. 08-775/2*
*12.07.2022.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општина Битола*
*Тони Коњановски*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 93-в од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020) Градоначалникот на Општина Битола , а по добивањето Известувањето од СОТУ „Ѓорѓи Наумов„ Битола бр. 03-297/1 од 12.07.2022 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на ВД Директор на Средно општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов" Битола**

1. За В.Д. Директор на СОТУ „Ѓорѓи Наумов„ Битола се именува Жанета Сервини ВСС Дипломиран електротехнички инжењер вработен во училиштето.

2.Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 13.07.2022 година.

3.В.Д. Директор ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на негово именување.

4. Се задолжува именованиот В.Д. Директор да изврши примопредавање на правата и должностите од разрешениот Директор.

5. Се задолжува именованиот ВД Директор во најкраток рок од именувањето да положи испит за Директор во средно училиште.

6.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола„.

Образложение

Со Решение бр.08- 775/2 од 12.07.2022 година, разрешен е директорот на Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола.
Со известување бр. 03-297/1 од 12.07.2022 година добиено од училиштето , утврдено е дека во СОТУ „Ѓорѓи Наумов„ Битола сем разрешениот директор , нема вработен кој ги исполнува условите за директор во средното училиште.
Поради обезбедување на континуитет во Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола, а по разрешување на директорот согласно член 93 -в од Законот за средно образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.
Врз основа на погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од Решението да се достави до архивата на Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов„ Битола, до архивата на општинската администрација и еден примерок на именованиот В.Д. Директор .

Бр. 08-775/4
13.07.2022.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
Тони Коњановски

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 116 став 1 алинеа 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019 и 229/2020), Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на Директор на основно училиште**
**„Св. Кирил и Методиј„ Битола**

1.На **Душко Костовски** Директор на ОУ „Св. Кирил и Методиј„ Битола му престанува мандатот на Директор заклучно со 13.07.2022 година по негово барање.

2.Се задолжува досегашниот Директор со новоименуваниот ВД Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со допис бр. 03-150/1 од 13.07.2022 година , Директорот на ОУ „Св. Кирил и Методиј„ Битола, до Градоначалникот на Општина Битола достави оставка.
Согласно член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование:
„Основи за престанок на мандатот на директор на основното училиште
Член 116
(1) На директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако:
- тоа сам го побара„

Поради обезбедување на континуирана работа во општинското основно училиште, а согласно член 118 од Законот за основното образование, Градоначалникот ќе именува В.Д. Директор.

Имајќи го во предвид погореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр. 08-778/3**
13.07.2022
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
Тони Коњановски

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 118 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 161/2019 и 229/2020), а по добиеното Известување доставено од ООУ „Св.Кирил и Методиј„ Битола бр. 03-151/1 од 13.07.2022 година , Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување ВД Директор на општинско основно училиште „Св.Кирил и Методиј„ Битола**

1. За В.Д. Директор на ОУ „ Св. Кирил и Методиј„ Битола **се именува Жанета Тошеска** ВСС Дипломиран учител вработен во училиштето.

Функцијата В.Д. Директор ја превзема од 14.07.2022 година.

2.Се задолжува новоименуваниот ВД Директор со досегашниот Директор да извршат примопредавање на правата и должностите , а во согласност со позитивните прописи.

3. ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 (шест) месеци.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во општинско основно училиште „Св. Кирил и Методиј„ Битола а по престанокот на мандатот на досегашниот Директор согласно член 118 од Законот за основно образование и добиеното известување од основното училиште бр.03-151/1 од 13.07.2022 година Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Бр. 08-778/4**
14.07.2022
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
Тони Коњановски

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/19 , 14/20 и 215/21), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02 од 03.09.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола 01/1 од 09.08.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/1 од 10.05.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр.01-01/1 од 26.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02/1 од 03.08.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-03/1 од 30.10.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/1 од 31.07.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-02/1 од 19.11.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/3 од 17.05.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација во Општината Битола бр. 01-01/10 од 12.07.2021 година.

**Член 2**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола", во Секторот за правно нормативни административни и општи работи, во Одделение за правно нормативни работи, во работното место со реден број 7, назив на работното место „Организациска и административна подршка„ со шифра: УПР 01 01 В04 000 со звање: Помлад

соработник во **делот број на извршители бројот „3" се менува со бројот „2".**

**Член 3**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола", во Секторот за правно нормативни административни и општи работи, во Одделение за правно нормативни работи, во работното место со реден број 8, назив на работното место „Седници на совет и комисии,, со шифра: УПР0101Г01000 со звање: Самостоен референт, **во делот број на извршители бројот „3" се менува со бројот „2",** а делот вид на образование се менува и гласи:
„Вишо или средно гимназиско или средно стручно образование,, .

**Член 4**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање , заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, во Одделение за спроведување на урбанистички планови во работното место со ред број 63, назив на работното место „Советник Издавање на одобренија за градба и други управни акти,, со шифра:
УПР 01 01 В01 000, со звање: Советник **во делот вид на работни задачи и обврски алинеа 3 се менува и гласи:**
„заверува и одобрува проекти и врши пресметка на надоместок за уредување на градежно земјиште,,

**Член 5**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за спроведување на урбанистички планови , урбанистичко планирање , заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, во Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште после работното место со ред број 81,
назив на работното место „Локални патишта и улици,, со шифра: УПР 01 01 В01 000, со звање: Советник, се додава ново работно место со реден број 81-а , кое гласи:

| | |
|---|---|
| 3.Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | |
| 3.3 Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште | |
| **Реден број** | 81-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за јавно осветлување и електрична инфраструктура** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | Енергетика или Електротехника |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно, ефективо и навремено извршување на најсложените работи и работни задачи кои се однесуваат на изработка на програми за одржување и модернизација на јавното осветлување и реализација на проекти од областа на електричната инфраструктура и енергетската ефикасност |
| **Работни задачи и обврски** | -врши планирање на уредувањето и организирањето на јавното осветлување на подрачјето на општината<br><br>-врши планирање на изградбата на приклучоци на нисконапонската електрична мрежа;<br><br>-учествува во работни групи за планирање на илуминацијата на објекти и празнично украсување на градот и населените места со светлечки украси;<br><br>-изготвува акти за обезбедување времени електрични приклучоци по повод јавни манифестации;<br><br>-изготвува стратегијата за електричната инфраструктура и ја следи нејзина реализација;<br><br>-врши следење на состобата со електричната мрежа и опремата за улично осветлување ,<br><br>- врши евидентирање и спроведување на активности во одржување на електричната мрежа и опрема за улично осветлување,<br><br>-ја следи реализацијата на проекти поврзани со електричната инфраструктура<br><br>- врши контрола и мониторинг над сервисирање на градскиот саат и фонтаната на плоштадот и Црн мост и вертикална светлосна сообракајна сигнализација<br><br>-врши координација при одржување на електричните инсталации на јавни објекти сопственост на општината Битола и реализација на програми и проекти од областа на енергетската ефикасност, |

**Член 6**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола", во Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија, во Одделение за економски развој,

во работното место со реден број 91-а, назив на работното место „Советник за енергетика, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија", со шифра; УПР0101В01000 со звање: Советник **во делот број на извршители, бројот „1" се менува со бројот „2".**

**Член 7**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола„ во Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија, во Одделение за јавни дејности после работното место со ред број 97-б– назив на работното место „Советник за социјални услуги за ранливи групи„ со шифра: УПР 01 01 В01 000, со звање: Советник **се додава ново работно место,** со реден број 97-в , кое гласи:

| 4. Секторот за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија | |
|---|---|
| 4.2 Одделение за јавни дејности | |
| **Реден број** | 97-в |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за подготовка на материјали од областа на основното и средното образование** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Квалитетно и ефикасно и ефективно извршување на најсложените работи и работни задачи во насока на спроведување на процесот на изготвување на материјали и документи од областа на основното и средното образование. |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските и подзаконските акти од областа на основното и средното образование;<br><br>- изработува податоци потребни за регистарот на основни и средни училишта на подрачјето на општината ;<br><br>- изготвува предлозите за распредлеба на средства на основните и средните училишта добиени за тековно одржување и од блок дотациите;<br><br>- изготвува предлогот акти за запишување ученици во основните и средните училишта во надлежност на општината;<br><br>- изготвува поединечни акти кој се однесуваат за органите за управување и раководење во основните и средните училишта на локално ниво; |

| | |
|---|---|
| | - изготвува стручни мислења за подготвување на предлогот за усвојување за годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма на основните и средните училишта на подрачјето на општината;<br><br>- учествува во комисии и работни тела од надлежност на одделението ;<br><br>- изготвува материјали за состаноци од надлежност на одделението и изготвува акти кој произлегуваат по истите, |

**Член 8**

Во глава III „Опис на работните места во Општина Битола,, во Секторот за внатрешна ревизија во Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност) работното место со ред број 128 назив на работното место: „ Соработник Внатрешен ревизор,, со шифра УПР0101В03000 со звање: Соработник, **се брише.**

**Член 9**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се врши измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места кој е доставен како прилог на овој Правилник.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.01-01/1**
22.07.2022 година
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
Тони Коњановски

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002, член 120 став 9 и 11 и член 124 став 1 алинеа 7 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020 , 294/2021 и 150/2022), Градоначалникот на Општина Битола донесе*

**_Р Е Ш Е Н И Е_**
**_за разрешување на Директор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка „Естреја Овадија Мара„ Битола_**

*1.Се разрешува **Лидија Тфирст Митревска** Директор на ЈОУ за деца-Детска градинка „Естреја Овадија Мара„ Битола од функцијата Директор заклучно со 24.07.2022 година поради завршување на мандат на Директор.*

*2.Се задолжува именованиот ВД Директорот со разрешениот Директор да изврши примопредавање на должноста согласно законските прописи.*

*3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*О б р а з л о ж е н и е*

*Со Решение за именување на Директор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка „Естреја Овадија Мара, Битола бр. 08-534/5 од 23.07.2018 година за Директор на установата избрана е Лидија Тфирст Митревска.*
*Согласно член 120 од Законот за заштита на децата утврден е мандатот на Директорот кој трае 4 години.*
*Согласно член 124 став 1 т. 7 од истиот закон*
*„Член 124*
*Директорот на јавна установа за деца може да биде разрешен:*
*- во други случаи утврдени со закон. ..*

*Имајќи го во предвид фактот што мандатот на директорот е завршен се одлучи како во диспозитивот на решението.*

*Бр. 08-828/1*
*25.07.2022.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општина Битола*
*Тони Коњановски*

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002, и член 126 и 127-а од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020 , 294/2021 и 150/2022), Градоначалникот на Општина Битола донесе*

## ***Р Е Ш Е Н И Е***
### ***за именување на В.Д. Директор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка „Естреја Овадија Мара„ Битола***

*1.За ВД Директор на ЈОУ за деца-Детска градинка „Естреја Овадија Мара„ Битола се именува* ***Весна Лозановска*** *од Битола, ВСС Дипломиран економист, вработен во установата.*

*Функцијата ВД Директор ја презема од 25.07.2022 година.*

*2.Мандатот на ВД Директорот трае до изборот на Директор на установата но не подолго од 6 месеци.*

*3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*О б р а з л о ж е н и е*

*По разрешувањето на Директорот на установата поради истек на мандат, а заради континуитет во работата на истата се одлучи како во диспозитивот.*
*Именуваниот ВД Директор е од редот на вработените во установата.*

*Бр. 08- 828/2*
*25.07.2022.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општина Битола*
*Тони Коњановски*

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 89/2022) Градоначалникот на Општина Битола, донесе*

## ***РЕШЕНИЕ***

*за разрешување на вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола*

*1.Се разрешува **Марија Зарова Силјановска** од функцијата вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола заклучно со 31.07.2022. година.*

*2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , се одлучи како во диспозитивот на решението.*

*Примерок од решението да се достави на разрешениот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08- 840/1*
*26.07.2022 г.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*Тони Коњановски*

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 , 64/2018 и 35/2019) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 89/2022) Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола донесе*

## *РЕШЕНИЕ*

*за именување вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола*

*1.За вршител на должноста директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола* ***се именува Марија Зарова Силјановска ВСС Дипломиран инженер архитект*** *од Битола, сметано од 01.08.2022 година.*

*2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на ВД Директор на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.*

*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.*

*Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08- 840/2*
*26.07.2022 г.*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*Тони Коњановски*

*Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24-а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 89/2022) член 8 од Договорот за уредување на мегусебните права и обврски за заедничкото јавно претпријатие Градоначалникот на Општина Битола, донесе*

***РЕШЕНИЕ***

*за разрешување на Директор на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК - Битола*

*1.Се разрешува **Зоран Стојчевски** од функцијата Директор на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК - Битола по поднесено барање за разрешување, заклучно со 27.07.2022 година.*

*2. Се задолжува разрешениот Директор со именованиот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските, во се согласно закон.*

*3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.*

*Образложение*

*Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , член 8 од Договорот за уредување на мегусебните права и обврски за заедничкото јавно претпријатие, а по поднесеното барање за разрешување од функцијата Директор, поднесено од страна на Директор на јавното претпријатие на 05.05.2022 година, заведено под број 08-492/1 се одлучи како во диспозитивот на решението.*

*Примерок од решението да се достави на Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.*

*Бр. 08-492/2*
*26.07.2022*
*Битола*

*Градоначалник*
*на Општината Битола*
*Тони Коњановски*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 , 39/2016, 64/2018 и 35/2019) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 89/2022) член 8 од Договорот за уредување на мегусебните права и обврски за заедничкото јавно претпријатие Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на Решението за разрешување на Директор на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК - Битола донесе

**РЕШЕНИЕ**

за именување вршител на должноста Директор

на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК - Битола

1.За вршител на должноста Директор на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК - Битола **се именува Зоран Алексовски ВСС Дипломиран машински инженер** од Битола, сметано од 28.07.2022.

2. Се задолжува именованиот ВД Директор со разрешениот Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и обврските, во се согласно закон.

3. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа , член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , член 8 од Договорот за уредување на мегусебните права и обврски за заедничкото јавно претпријатие , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по донесувањето на Решението за разрешување на Директор на јавното претпријатие, Градоначалникот на општината именува ВД Директор во јавното претпријатие.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на именованиот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08-492/3
26.07.2022
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
Тони Коњановски

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ,, 5/02,) и член 120 став 9 и 11 и член 123 став 10 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020 и 294/2021), Градоначалникот на Општината Битола донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Директор на Јавната општинска установа
за деца Детска градинка ,,Мајски цвет,, Битола

1. За Директор на ЈОУ за деца Детска градинка ,,Мајски цвет,, Битола се избира **Кристина Лајмановска** ВСС Дипломиран учител.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Се задолжува избраниот Директор со досегашниот Директор да извршат примопредавање на должноста согласно законските прописи.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност кога и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,

## **О б р а з л о ж е н и е**
Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градинка ,,Мајски цвет,, Битола распиша јавен оглас за избор на Директор на установата.
Установата достави допис бр. 03-196/1 од 15.07.2022 до Градоначалникот, во прилог со Одлука од Управниот одбор бр. 02-194/2 од 15.07.2022.со која Одлука за кандидат за избор за Директор се утврдува и се предлага Кристина Лајмановска ВСС Дипломиран учител.
Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 120 став 9 и член 123 став 10 од Законот за заштита на децата Градоначалникот на Општината го избира Директорот на ЈОУ.

Мандатот на Директорот трае 4 години.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

